www.upoz.org.mk

Синдикален
# Билтен

СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД УПРАВАТА, ПРАВОСУДНИТЕ ОРГАНИ И ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ НА Р. МАКЕДОНИЈА

СИНДИКАТ УПОЗ

БР. 54 (2) АПРИЛ - ЈУНИ 2009

### ДВАЕСЕТТА И ПРВА СЕДНИЦА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ (28.04.2009 ГОДИНА)

## ИЗМЕНИ ВО СТАТУТОТ ЗА ПОДОБРА ОРГАНИЗАЦИЈА



**Статутот на Синдикатот на УПОЗ усвоен на Петтото собрание претпрпи измени на Дваесет и првата седница на Претседателството. Намерата на измените е тие да обезбедат услови кои ќе придонесат кон натамошно зацврстување на организацијата, да се допрецизираат некои недоречености кои се покажаа во изминатиот период и да го направи работењето на синдикалните организации поефикасно.**

Активностите кои започнаа на Деветнаесеттата седница на Синдикатот на УПОЗ со Иницијативата за измени и дополнувања на Статутот, својата завршница ја имаше на Дваесет и првата седница. Претходно, Статутарната комисија на посебна седница расправаше и ги формулира измените кои ги достави до Претседателството. На седницата на Претседателството, претседателот на Статутарната комисија Слободан Беличански ја образложи потребата за измени на Статутот при што напомена дека истите се резултат на потребата од поинакво дефинирање на некои одредби. Со тоа треба да се постигне поголема ефикасност во работењето на Синдикатот. Во таа насока одредени измени се направени во членовите кои ја дефинираат положбата и овластувањата на синдикалната организација како дел на Синдикатот. Понатаму, практиката покажа дека се потребни и одредени измени и допрецизирања околу пристапувањето и истапувањето од членство во Синдикатот. Главната заложба на тој план е да се елиминираат поединечните и тенденциозни истапувања од Синдикатот мотивирани од политички влијанија и притисоци врз членството.

Накусо, најголемиот дел од измените се во делот на синдикалната организација и подружниците, членувањето и истапувањето, работењето со жиро сметките на синдикалните организации и можностите за „интервенција" на синдикатот во случај на неправилно работење и злоупотреба на средствата и сл.

Членовите на Претседателството главно ги поддржаа сите предложени измени. Притоа побараа одредени појаснувања за одредени измени, дадоа сугестии и предлози. На крајот по завршувањето на дискусиите, предлозите за измена и дополнување на Статутот на Синдикатот беа прифатени. Беше заклучено Статутарната комисија да ги заме во предвид предложените сугестии, да ги вгради и да подготви пречистен текст. Исто така беше заклучено текстот на Статутот да биде објавен на Web страницата на Синдикатот на УПОЗ и испечатен да биде испратен до сите синдикални организации.

Членовите на Претседателството на седницата расправаа и по Информацијата од одржаната Дваесетта синдикална школа.

Самиот податок што Синдикатот на УПОЗ успева во континуитет да ја организира оваа традиционална форма на синдикална едукација зборува за оправданоста на нејзиното одржување. Беше констатирано дека одржаните синдикални школи дадоа огромен резултат на планот на едукацијата и истите станаа препознатлива активност на Синдикатот на УПОЗ за која секогаш има огромен интерес.

Меѓутоа, расправајќи по Информацијата за Дваесеттата синдикална школа, членовите на Претседателството забележаа дека последниве години забележливо е отсуството на некои синдикални организации а бројот на учесници се намалува, структурата на учесници не се менува а забележително е и учеството на едни исти, со што се елиминира можноста за вклучување на нови и пред се млади членови. Иако беше поставена и дилемата, што понатаму и дали заради некои слабости да се направи мала пауза од година – две, сепак беше заклучено традицијата да продолжи а да се инсистира, синдикалните организации да го изменат својот пристап.

На седницата се расправаше и околу подготовките за одржување на Петнаесеттите спортски игри и средби а беа извршени и одредени измени односно кооптирања на нови членови во органите и телата. Така, во Извршниот одбор на Синдикатот на УПОЗ на местото на Митко Димитровски кој не е повеќе член на Претседателството, беше кооптирана Љиљана Куковска од Државниот завод за статистика. Заради Статутарната одредба која предвидува дека член на Претседателството не може да биде член во Статутарната комисија или во Надзорниот одбор, на местото на Горанчо Чолаков беше кооптиран Душко Бужаровски од Локалната самоуправа Карпош а на местото на Славчо Огненовски беше кооптиран Дончо Марков од Министерството за замјоделство, шумарство и водостопанство.

Беа кооптирани и заменици во Надзорниот одбор. На местото на Владо Ѓорѓиевски од Државниот архив на Македонија беше кооптирана Билјана Стевкова – Кузмановска од истата организација а на местото на Оливер Дерковски од Управата за јавни приходи, беше кооптирана Виолета Савовска од Воената болница.

# ПОВТОРНО ИЗМЕНИ ВО ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ

**Како и минатата година, во екот на годишните одмори, така и оваа година владата повторно предлага измени во Законот за работни односи. Ако со новите измени таа не посегнува драстично по правата на работниците, овојпат најбезобразно задира во делот на синдикатите и нивното организирање. Целта е да го уситни и разнебити синдикатот како организација на работниците и неговата улога да ја сведе на чиста формалност, без негова моќ и влијание.**

**На седницата беа направени и одредени измени и дополнувања на Правилникот за Солидарен фонд со што се овозможуваат повеќе можности за користење на средства од Фондот а корегирана е и основицата за пресметка на средствата што ќе ја добиваат членовите на синдикатот како неповратна помош.**

Членовите на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ на Дваесет и втората седница покрај редовните точки: Измени во Правилникот за Солидарен фонд и расправа по информацијата за одржаналите Петнаесетти спортски игри и средби, вонредно ја ставија на дневен ред и Информацијата за измените во Законот за работни односи. Како и минатата година, во екот на годишните одмори, така и оваа година владата има намера да направи измени во Законот за работни односи. Ако минатото лето беа направени такви драстични измени кои работниците веќе почнаа да ги чувствуваат, овојпат таа најбезобразно сака да посегне во делот на синдикатите и синдикалното организирање. Целта на ваквите измени не е ништо друго освен да се маргинализира позицијата на синдикатот во државата, да се расцепка на повеќе мали синдикати со што работодавачите ќе можат уште покомотно да го злоупотребуваат трудот на вработените. Односно целта на владата е да ја намали и маргинализира позицијата на синдикатот во државата како рамноправен социјален партнер.

Претседателот на Синдикатот на УПОЗ Ванчо Муратовски информирајќи ги присутните за повеќе аспекти на промените кои се предлагаат во Законот за работни односи, предупреди дека не смееме како организација и како членови да бидеме апатични и незаинтересирани за она што ни се случува и е на штета на сите нас. Ќе се обидеме, рече тој со аргументи да ја убедиме владата (односно министерството за труд и социјална политика како предлагач) да се откаже од предложените решенија. За разлика од минатата година кога измените беа направени на препад, овојпат ги влучи синдикатите во расправата. Но доколку таа е крута и опстојува на своите предлози, мораме да го дигнеме гласот и да се спротивставиме.

Ако условно, дел од предлозите можат да се прифатат како позитивни во делот на работно – правниот статус на работникот, сепак некои предлози се нејасни и двосмислени. Така со измените поимот работно време се дефинира како „секој период во кој работникот работи, е на располагање на работодавачот и ги извршува работите и работните задачи." Затоа ССМ предлага ваквиот предлог да се отфрли. За измените во делот на прекувремената работа, ССМ предлага десетте часа неделна прекувремена работа да се заменат со осум и да се оневозможи работодавачите истата да ја злоупотребуваат. Ова е особено значајно во услови на голема невработеност, заради што прекувремената работа треба да се ограничи со што ќе се овозможи да се вработат поголем број невработени кои со години чекаат во Агенцијата за вработување. Но синдикатот има забелешки и по другите предлози како што се во делот на работата во смени, ноќната работа, правата на работниците кои работаат ноќе, ограничување на работата ноќе, паузата за време на работното време, одморот меѓу два последователни работни денови, неделниот и годишниот одмор и др.

Со измените кои се предлагаат во делот на синдикалното организирање, ССМ апсолутно не се согласува бидејќи таквите предлози ќе предизвикаат тектонски поместувања во синдикатите. Со нив, не само што се задира во автономијата на синдикатот, туку целта е со нив конечно, на најмасовната работничка организација да и се зададе завршен удар и да биде „нокаутиран". Навистина несфатливи и неразумни се ваквите предлози, не само заради ударот врз синдикатот, туку и заради развојот на демократијата во државата.

## *ПОЗНАЧАЈНИ ИЗМЕНИ ВО СТАТУТОТ*

Во **членот 21** допрецизирана е одредбата во врска со истапувањето на членот од Синдикатот. Имено, писмената изјава за истапување членот ја доставува до Синдикатот на УПОЗ. Извршниот одбор на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ е должен да разговара со членот за мотивите за неговото истапување и најдоцна **во рок од 30 дена да се произнесе.**

Исто така, оние членови кои повторно ќе изразат желба да се вратат во Синдикатот, тоа можат да го направат и пред истекот од шест месеци, но во период од шест месеци немаат право да користат средства од Солидарниот фонд.

Во **членот 27**, со измените се овозможува Претседателот на Синдикатот на УПОЗ во оправдани случаи да може да донесе Одлука за блокирање на жиро сметката на Синдикалната организација а таквата одлука треба да ја потврди Надзорниот одбор. По престанокот на причините за блокирањето, на предлог на Надзорниот одбор, преседателот може да донесе одлука за деблокирање.

Во **членот 28** се предвидува синдикалните подружници со помалку од десет члена да можат да се групираат на ниво на регион и да изберат единствен претставник кој ќе биде член на Советот на повереници. Таквата одлука ја потврдува Претседателството на Синдикатот на УПОЗ.

Со оглед на тоа што во изминатиов период, активностите на Надзорните одбори во синдикалните организации беа сведени на чиста формалност, со измените на Статутот **Надзорниот одбор како орган во Синдикалната организација се брише.**

Во **членот 47** со измените се предвидува **задолжително присуство** на овластен претставник на Синдикатот на УПОЗ при постапката за избор на органи и тела на Синдикалната организација.

Во **членот 48** се предвидува, во случај на пасивизирање на работата и активностите на Синдикалната организација како и водење на ►►►

## на Синдикатот на УПОЗ (01.07.2009 година)

### ИЗМЕНИ ВО ПРАВИЛНИКОТ НА СОЛИДАРЕН ФОНД

Правилникот за Солидарен фонд од денот на неговото донесување има претрпено повеќе измени. Тие секогаш се прават со намера да се овозможи членството да може да користи неповратни средства по повеќе основи: за подолготрајно боледување, за потешки последици од елементарни непогоди, за лекување, за смрт на член на фондот и неговото потесно семејство, за загрозена материјална состојба а од пред четири години и бескаматни позајмици. Со направените измени на Дваесет и втората седница на Претседателството проширени се можностите за користење на средствата како што е тоа за медицинска рехабилитација и набавка на лекови и медицински помагала. Истовремено, заради измените во исплатата на платите од почетокот на оваа година, одредена е новата основица за пресметка на паричните средства кои ќе ги добиваат членовите на Синдикатот на УПОЗ а тоа е најниската основица за пресметување и плаќање на придонесите за задолжителното социјално осигурување. Сумата пак, која и досега се доделуваше за исклучителните случаи кои не се регулирани со правилникот е зголемена од 5 на 6 000,00 денарі,

На седницата беше заклучено пречистениот текст на Правилникот (како и Статутот на УПОЗ) заедно со билтенот број 54, да го добиијат сите синдикални организации и да биде објавен на интернет страницата на Синдикатот на УПОЗ.

### СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ - ПЕТНАЕСЕТТИ ПАТ

Информацијата за одржаните Петнаесетти спортски игри и средби беше разгледувана од организационен и натпреварувачки карактер. Беше констаирано дека и овие игри, како и претходните беа одлично организирани и беа вистинска можност околу 600 членови на синдикатот, три дена да се дружат и забавуваат. Оваа година покрај гостите од Синдикатот на Хрватска (54), за првпат учествуваа и (14) колеги од Синдикатот на Словенија.

Одредени забелешки кои се однесуваат на натпреварувачкиот дел со години не можат да се надминат заради што во иднина водачите на екипите треба да пристапат поодговорно во подготовките и организацијата, беше една од констатациите изречени на седницата. Но и покрај забелешките за натпреварувачкиот дел, тие се одвиваа во најдобар ред а сите недорабирања по обичај завршуваат на завршната вечер со прогласувањето на победниците Заради надминување на констатираните недоследности, Претседателството усвои заклучоци кои ќе им бидат упатени на водачите на екипите.



Претседателството на Синдикатот на управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на седницата одржана на 01.07.2009 година расправаше по информацијата за одржаните 15-ти Спортски игри и средби и притоа ги донесе следниве :

## ЗАКЛУЧОЦИ

1. Претседателството на Синдикатот на УПОЗ констатира дека 15-те СИС-УПОЗ на кои учествуваа околу 600 натпреварувачи и гости, беа добро организирани и поминаа во спортски дух, фер натпревари и дружење и забава меѓу сите присутни.

2. Претседателството на Синдикатот на УПОЗ констатира дека водачите на екипите мораат да имаат поодговорен однос при пријавувањето на екипите за учество во поодделни дисциплини, како и при пријавувањето и делегирањето на судии и делегати..

3.Претседателството на Синдикатот на УПОЗ ќе ја разгледа можноста и потребата од измени и дополнувања во составите на Организациониот одбор и Натпреварувачката комисија на СИС-УПОЗ на оние членови кои не одговорија на обврските.

4. Претседателството на Синдикатот на УПОЗ предлага во иднина покрај, за дисциплините мал фудбал, кошарка и баскет, да се ангажираат судии и делегати и во други дисциплини каде ќе оцени дека за тоа има потреба и доколку за тоа има средства.

5. Претседателството на Синдикатот на УПОЗ констатира дека од идната година да се воведе нова натпреварувачка дисциплина тенис и истата да се вметне во Правилникот за спортски игри.

◄◄◄ активности спротивни на Статутот и интересите на членството, Извршниот одбор на Претседателството да може да донесе одлука за разрешување на претседателот и Извршниот одбор и да именува вршител на должноста претседател и вршители на должноста во Извршниот одбор.

Во **членот 50** со измените се предвидува **Одуката за организирање штрајк** што ја донесува Претседателството на Синдикатот на УПОЗ тоа да го прави со претходно **писмено изјаснување на синдикалните организации** и доколку за таквата одлука се изјаснат мнозинството на синдикални организации. Одлука за штрајк на ниво на работодавач донесува Синдикалната организација **по претходна согласност на Синдикатот на УПОЗ.**

Измените на Статутот предвидуваат членовите на Синдикатот на УПОЗ да можат да го продолжат своето членство и како **пензионери** доколку продолжат да плаќаат членарина. Исто така членови на Синдикатот можат да бидат и невработени лица, **ученици и студенти.**

Претседателите на Секциите и одборите ќе можат да присуствуваат на седниците на Претседателството без право на глас.

Според **членот 69** се дава можност, меѓу две собранија, членови и заменици во Надзорниот одбор да може да избира Претседателството, доколку за тоа има потреба**.**

# СЕ ОДРЖАА ПЕТНАЕСЕТТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ

Од 4 до 7 јуни по петнаесетти пат, во Еурохотелот во Струга се одржаа Петнаесеттите спортски игри и средби на Синдикатот на УПОЗ. Традицијата продолжува а игрите во изминативе години ја оправдаа својата оправданост и потреба од нивно одржување како незаменлива форма во делот на спортските и други активности на синдикатот.

На Петнаесеттите спортски игри и средби учествуваа околу 600 учесници од кои како гости учествуваа 54 учесници на Синдикатот на државните и локалните службеници и намештеници на Хрватска и 14 учесници на Синдикатот за здраство и социјална заштита на Словенија. Радува податокот што и покрај опструкциите кои ги вршат некои работодавачи врз членството последниве години како и економската криза, сепак дојдоа 530 учесници – членови на синдикатот. Тие како и изминатите години се натпреваруваа во седум дисциплини во машка, седум во женска конкуренција и една заедничка дисциплина – влечење јаже.

На спортските терени вистинска спортска борба, дури и премногу емоции и желба да се биде најдобар. Но затоа вечерите беа вистинска прилика за дружење, запознавање и убава забава, да се надмине спортскиот ривалитет. Како и да е, спортските игри и средби уште еднаш се потврдија како убава можност за секој член на синдикатот да помине четири незаборавни денов, исполнети со добро дружење, спортски амбиент и забава.

Како што е вообичаено и Петнаесеттите спортски игри и средби завршија со свеченото прогласување на најдобрите и поделбата на пехарите и признанијата. Годинава, по вторпат екипата на Агенцијата за катастар и недвижности беше севкупен победник на игрите и го освои преодниот пехар.



## НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

**СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ - УПОЗ 2009**
**СТРУГА, 04.06 - 07.06.2009**

15 СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ
15 УПОЗ
СТРУГА '09

### СЕВКУПЕН ПОБЕДНИК ВО МАШКА КОНКУРЕНЦИЈА

СЕВКУПЕН ПОБЕДНИК НА ПЕТНАЕСЕТТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ ВО МАШКА КОНКУРЕНЦИЈА СЕ ЕКИПИТЕ НА

**АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР И НЕДВИЖНОСТИ И СУДОВИТЕ ОД АПЕЛАЦИОНО ПОДРАЧЈЕ - ШТИП**

### НАГРАДА ЗА ФЕР ПЛЕЈ

**РЕГИОНАЛЕН СИНДИКАЛЕН СОВЕТ КУМАНОВО**

### СЕВКУПЕН ПОБЕДНИК ВО ЖЕНСКА КОНКУРЕНЦИЈА

СЕВКУПЕН ПОБЕДНИК НА ПЕТНАЕСЕТТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ ВО МАШКА КОНКУРЕНЦИЈА СЕ ЕКИПИТЕ НА

**ВОЕНА БОЛНИЦА И ЛОКАЛНА САМОУПРАВА - СТРУГА**

### СЕВКУПЕН ПОБЕДНИК

СЕВКУПЕН ПОБЕДНИК НА ПЕТНАЕСЕТТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ Е ЕКИПАТА НА

**АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР И НЕДВИЖНОСТИ**


**IMPRESSUM**

**Гласило на Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на РМ**

12 Ударна бригада 6б–Скопје,
тел: 02/31–26–351;
тел./факс: 02/32–30–829;
www.upoz.org.mk

• Билтенот го подготвува и уредува: **Пецо Груевски**

• Подготовка за печат: "Макформ"– Скопје

• Тираж 600 примероци


### ВТОРО МЕСТО

ВО СЕВКУПНА КОНКУРЕНЦИЈА НА ПЕТНАЕСЕТТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ Е ЕКИПАТА НА

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ**

### ТРЕТО МЕСТО

ВО СЕВКУПНА КОНКУРЕНЦИЈА НА ПЕТНАЕСЕТТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ Е ЕКИПАТА НА

**ВОЕНА БОЛНИЦА**